РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број / Numer 08-35
28.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, Известувањето од Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, наш арх.бр.08-303/1 од 23.01.2026 г., Изјава за престанување со емитување на телевизиска програма од единствениот основач/ сопственик на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, бр.УЗП 596/2026, Изјава од управителот на радиодифузерот бр.УЗП 597/2026, двете од 23.01.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-321/2 од 28.1.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на четвртата седница одржана на 28.1.2026 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се применува по извршената уплата на надоместокот за Дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-39 од 07.09.2023 година од страна на радиодифузерот согласно издадена фактура од страна на Агенцијата само за периодот на работење, односно од 24.12.2025 г. заклучно до 23.1.2026 г.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-39 од 07.09.2023 година (со период на важност од 24.12.2023 г. до 23.12.2026 г.), кој емитува програма преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво за подрачјето регион Д6 - Мали Влај (општина Охрид, општина Струга, општина Вевчани и општина Дебрца), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 23.1.2026 г. ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување (наш арх.бр.08-303/1 од 23.1.2026 г.), дека поради неповолната финансиска состојба ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ не биле во можност да извршат уплата по Фактурата, бр.2025-100-0199 од 24.12.2025 година за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување, поради што радиодифузерот извести дека се откажува од Дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-39 од 07.09.2023 г. Во прилог на известувањето беше доставена Изјава од единствениот основач/сопственик на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ - Михајло Арнаудов (заверена на нотар) бр.УЗП 596/2026 од 23.01.2026 г. и Изјава од управителот на радиодифузерот - Ирена Арнаудова (заверена на нотар) бр.УЗП 597/2026 од 23.01.2026 г., во кои единствениот основач/сопственик и управителот на радиодифузерот изјавија дека ТРД ТВ М Арнаудов

Михајло Охрид ДООЕЛ заклучно со 23.01.2026 г. престанува со емитување на телевизиска програма, како и дека радиодифузерот ќе ги исполни финансиските обврски кон Агенцијата, во однос на плаќање на надоместокот за Дозволата за телевизиско емитување (Уп1 бр.08-39 од 07.09.2023 година), за периодот на работење. за што Агенцијата ќе издаде нова фактура.

Имено, по донесувањето на ова Решение, а согласно член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, Агенцијата ќе му издаде нова фактура, која ќе се однесува само на периодот на работењето, односно од 24.12.2025 г. заклучно до 23.1.2026 г., која фактура треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање. Претходно доставената Фактура, бр.2025-100-0199 од 24.12.2025 година (наш арх.бр.05-5557/1 од 24.12.2025 г.) за годишниот надоместок за дозвола за телевизиско емитување на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, за период од 24.12.2025 г. до 23.12.2026 г., издадена од страна на Агенцијата ќе биде сторнирана.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираните писмени изјави, како и со подмирување на финансиските обврски кон Агенцијата за надоместокот на дозволата од страна на радиодифузерот, ќе бидат исполнети законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, Известувањето од Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, наш арх.бр.08-303/1 од 23.01.2026 г., Изјава за престанување со емитување на телевизиска програма од единствениот основач/ сопственик на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, бр.УЗП 596/2026, Изјава од управителот на радиодифузерот бр.УЗП 597/2026, двете од 23.01.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-321/2 од 28.1.2026 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш, а ќе се применува по извршената уплата на надоместокот за дозволата на сметка на Агенцијата од страна на радиодифузерот, согласно точка 3 од ова решение.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседател на Советот,**

________________________

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ;
- Управителот на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.